**САМОЕВАЛУАЦИЈАНА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**
**ООУ„Лазо Ангеловски“ Скопје, Општина Аеродром**

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 01-310/1
10. 07. 2025 год.
Општина Аеродром-Скопје

2023 - 2025 година



Скопје, јуни 2025 год.

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Лазо Ангеловски“ Скопје |
| Адреса | Бул. АСНОМ бр.192 Општина Аеродром, Скопје |
| Телефон, е-пошта | 022 430-324<br>email: **lazoangelovski@yahoo.com** |
| Период на подготовка на СЕУ | 2023-2025 година |
| Број на ученици во училиштето | 1509 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | М-р Магдалена Петреска |
| Потпис | |
| Датум | 20.06.2025 година |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Јасмина Боримечковска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето<br>**1.2 Наставен процес**<br>• Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>• Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>• Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари**<br>• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Лазо Ангеловски“ Скопје**
**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извор на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • годишна програма за работа на училиштето;<br>• планирања на наставниците;<br>• списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>• записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br>• анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>• извештаи од стручни соработници за следни планирања | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Процесот на планирање на наставата е континуиран и согласно предвидените законски одредби. Во училиштето има пропишани рамки за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручните соработници и/или лица назначени од стручните органи.<br>**Училишниот тим за меѓуетничка интеграцијана младите во образованието (УТМИО)** им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците.<br>**Училишниот инклузивен тим (УИТ)** обезбедува поддршка за инклузија на учениците со посебни образовни потреби и изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции.<br>Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/ или од лица назначени од стручните органи.<br>Сите наставници навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематско- процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Се подготвуваат долгорочни, среднорочни,и краткорочни планирања и сценарија.Во поддршката и следењето на планирањата на наставниците се вклучени и стручните соработници во училиштето кои по потреба одржуваат советодавно-консултативни средби со секој предметен наставник поединечно и за нивното следење редовно поднесуваат извештаи како и препораки за следни планирања. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Планирањата за реализација на наставата по одреден наставен предмет воглавно се изготвуваат на ниво на актив и истите секоја година се ревидираат и подобруваат од страна на наставник кој предава во даденото одделение за одредена учебна година. Сценаријата за наставен час се планираат индивидуално и се споделуваат со колегите кои предаваат во истото одделение со цел да се овозможи подеднаков пристап до |

| | | |
|---|---|---|
| | | активностите предвидени за усвојување на очекуваните резултати на наставната тема во корелација со стандардите за оценување. Постои тимска соработка во активите, но позабележлива е во стручните активи во одделенска настава.<br>Се почитуваат насоките и роковите дадени од Раководната и стручната служба. Уредно и комплетно се води педагошката документација на ниво на стручен актив и актив на генерација. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • годишна програма за работа на училиштето;<br>• распоред на часови;<br>• е-дневник;<br>• педагошка евиденција и документација;<br>• списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>• записници од состаноци на стручни активи;<br>• анкети со наставници; ученици, родители;<br>• дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители;<br>• интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>• извештаи од посети на наставни часови;<br>• решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>• изработени ИОП и | Реализација на наставни планови и програми | Наставата за учениците од одделенска и предметна настава се одвива во две смени. Наставата се реализира на македонски јазик по зададените наставни планови и програми од МОН и БРО. Во рамките на релизација на задолжителната настава се интегрираат и содржини со еколошки теми и ИКТ, а за учениците со ПОП се подготвуваат и индивидуални образовни планови (долгорочни, среднорочни).<br>За секој ученик со ПОП се креира Инклузивен тим за ученик, кој ги планира долгорочно и среднорочно целите и активностите на ученикот по соодветните предмети за возраста и видот на попреченост според Наставниот план и програма. Како помош во овие планирања се вклучуваат и Специјалниот едукатор и рехабилитатор и УИТ. Наставниците тесно соработуваат во планирањето и реализацијата и со образовниот асистент назначен од Ресурсниот центар.<br>Соработката меѓу наставниците на ниво на стручен актив во поглед на изготвувањето на ИОП е на високо ниво. |
| | Избор на наставни предмети | Во согласност со понудените изборни предмети учениците одбираат конкретни предмети и активности од списокот на одобрени програми од БРО и МОН.<br>Во рамките на училиштето има избор од изборни предмети за учениците од VII – IX одделение, слободни изборни предмети за учениците од IV – VI одделение и слободни активности за учениците од I – III одделение.<br>Во првиот образовен период I-III одделение слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката. Секој ученик се поттикнува самиот да избере што сака да прави со други ученици во група.<br>На учениците од вториот и третиот период им се нуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети:<br>1.Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети |

| | | |
|---|---|---|
| модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>• записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>• извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),<br>• извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција;<br>• материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети<br>• Концепција за основно образование<br>• Процедура за слободни изборни предмети<br>• Водич за слободни изборни предмети во основното образование | | 2. Изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети<br>3. Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците<br>4. Изборни предмети од спортско рекреативен карактер<br>Во вториот и третиот образовен период, при крајот на секоја учебна година, училиштето спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата и темите од секоја категорија на слободните изборни предмети. Анкетата се спроведува во вид на прашалник и се пополнува анонимно. Врз основа на добиените резултати се формираат листите на слободни изборни предмети. Врз основа на формираните листи на слободни изборни предмети, наставничкиот совет ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за нивна реализација.<br>Во првата недела од септември секој ученик( со поддршка на родителот/старателот од листата на слободни изборни предмети објавена на веб страницата на училиштето,треба да ги избере предметите што ќе ги следи во тековната учебна година. Изборот го прави на тој начин што наведува два предмети од различни категории што му се прв избор и други два предмета од истите или други категории што му се втор избор.<br>Во периодот за кој се прави оваа Самоевалуација застапени се:<br>**Во учебната 2023 – 2024 год.**<br>А) IV одделение:<br>- Образование за животни вештини<br>- Сликање цртање, вајарство<br>Б) V одделение:<br>- Образование за животни вештини<br>- Заштита на животната средина<br>В) VI одделение:<br>- Заштита на животната средина<br>- Религии во светот<br>Г) VII одделение:<br>- Истражување на родниот крај<br>- Танци и народни ора<br>- Нашата татковина<br>Д) VIII одделение:<br>- Танци и народни ора<br>- Нашата татковина<br>Ѓ) IX одделение:<br>- Нашата татковина<br>- Програмирање |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Техничко образование<br>**Во учебната 2024– 2025 год.**<br>А) IV одделение:<br>- Моделарство – Креативни идеи: Направи сам<br>- Еколошко образование<br>Б) V одделение:<br>- Заштита на животната средина<br>- Образование за животни вештини<br>В) VI одделение:<br>- Емоционална писменост<br>- Религии во светот<br>Г) VII одделение:<br>- Истражување на родниот крај<br>- Танци и народни ора<br>Д) VIII одделение:<br>- Техничко образование<br>- Проекти од информатиката<br>- Танци и народни ора<br>Ѓ) IX одделение:<br>- Нашата татковина<br>- Танци и народни ора |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна литература и прирачници. На учениците им се овозможува да работат и да напредуваат според сопствените можности. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците иучениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа, се обезбедуваат еднакви можности за учениците имајќи ги предвид нивните способности, независно од полот, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти во наставата и надвор од неа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Реализација на образовна инклузија | Образовната инклузија се реализира со помош на Училишниот инклузивен тим (УИТ) кој по претходна детекција на ученици со ПОП, а според проценката од соодветната установа (МКФ, ЗМЗ и сл.) формира УИТ за ученик, кој се грижи за вклученоста на ученикот во наставата, како и за изработка на ИОП, и ја остварува соработката со ресурсните центри и други релевантни институции. УИТ за ученик е составен од претставник на УИТ, одделенскиот наставник или раководител и соодветните предметни наставници што му предаваат на ученикот и родител. Соработката на наставниците со образовните асистенти е добра и координирана.<br>За учениците со посебни образовни потреби се осмислуваат активности во согласност со нивните можности и тие добиваат задачи или посебен наставен лист прилагоден на нивните специфични потреби.<br>За оние ученици кои се со полесни попречености според соодветните институции, во наставата се применува диференциран пристап, а за ученици со потешки попречености во соработка со Специјалниот едукатор и рехабилитатор и Ресурсните центри се организира модифицирана програма. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа, се обезбедуваат еднакви можности за учениците имајќи ги предвид нивните способности, независно од полот, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди (во однос на културните разлики, способностите, физичката и/или интелектуалната попреченост и др.) Соработката со УТ за МИМО е на завидно ниво.<br>Во текот на овие две години се организирани и повеќе заеднички активности со партнер-училиштето ОУ „Алија Авдовиќ" од с.Батинци. На пр.:<br>- работилница: Цртаме и сликаме заедно – Моето омилено место во Скопје (2023-2024);<br>- работилница: Религија – народни носии и народни инструменти (2023-2024);<br>- Заедничка посета на културни знаменитости во Скопје (2024-2025)<br>- Цртаме и твориме за ликот и делото на Мајка Тереза (2024-2025)<br>Во договор со овој училиштен тим во 2024-2025 год. се реализираа повеќе од 95 наставни часови кои одговараа на зададени теми, предвидени со планот на активности. Од нив три се реализираа онлјан заедно со ученици од партнер-училиштето „Алија Авдовиќ" од с. Батинци кои наставата ја следат на различен наставен јазик од нас.<br>Во Мај 2025 година нашето училиште склучи меморандум кој има за цел развој и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција во образованието со ООУ „Живко Брајковски" од општина Бутел. |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • анкета со учениците, родителите и наставниците;<br>• разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници;<br>• разговор со стручна служба;<br>• увид во ученичките досиеја;<br>• увид во евиденцијата на стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и низ училиштето), при што се почитуваат естетски норми. Овие трудови редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.<br>Ученикот има пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Различните образовни потреби на учениците се задоволуваат преку детектирање на недостатоците и талентот на учениците. За учениците со пониски постигања се организира дополнителна настава со активности прилагодувани на нивните способности и можности. Нивното идентификување е во рамките на наставниот час, преку следење на нивната работа.<br>Дополнителната и додатната настава се реализираат по добиена согласност од родителот и согласно наставната програма. Часовите од дополнителната и додатната настава ги изведува секој наставник според потребите на учениците и според однапред испланиран распоред. Понекогаш, овие часови се одржуваат групно или индивидуално во договор меѓу ученикот и наставникот.<br>За учениците што постигнуваат исклучителни резултати се организира додатната настава каде што ученикот може надвор од предвидената наставна програма да добие пошироки знаења и/или способности. Оттука детекцијата на надарените и талентираните ученици е клучна и за нив се подготвуваат соодветно дополнителни материјали, задачи, активности и исл. |

| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| --- | --- | --- |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • програма за работа на училиштето;<br>• распоред за додатна и дополнителна настава;<br>• списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>• правилник за оценување и напредување на учениците;<br>• интерен правилник за оценување;<br>• увид во педагошката евиденција и документација;<br>• користените инструменти за оценување;<br>• примери на оценети ученички трудови;<br>• записници од стручните активи, наставничкиот совет;<br>• анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите;<br>• инструменти за индивидуализирани начини на проверка | Училишна политика за оценување | Планирањето и спроведувањето на постигањата на учениците се изготвуваат согласно дадените насоки за нив во наставната програма. Учениците се следат секојдневно. Тие се оценуваат формативно и сумативно, се води портфолио за секој ученик. Оценувањето е континуиран и неразделен процес во наставниот час и согласно тоа, напредокот на учениците (оценувањето) се следи на секој час. Резултатите се разгледуваат и хоризонтално (од еден во друг час, тема и сл.) и вертикално (од едно во друго одделение) за да се забележи континуираниот развој и напредок на ученикот.<br>Критериумите соодветствуваат на стандардите за оценување на стекнатите знаења дадени во наставната програма.<br>Сите наставници изготвуваат и користат сопствени индикатори за поставените стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, а кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште.<br>Формативното и сумативното оценување се јавни и транспарентни за учениците. Методите (метод на усно излагање, дискусија, метод на учење преку откривање и др.) и инструментите за оценување (чек листи, тестови, редовност на домашни задачи др.) варираат согласно со типот на наставниот час. Учениците добиваат усна повратна информација базирана на набљудувањето на нивното активно учество во работата на часот. Кај голем број наставници во оценувањето на учениците се застапени рубриките за вреднување на иднивидуална задача. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Според УТ за унапредување на оценувањето, наставниците користат разновидни методи, форми, техники и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.<br>Формативното и сумативното оценување се јавни и транспарентни за учениците. Методите (метод на усно излагање, дискусија, метод на учење преку откривање и др.) и инструментите за оценување (чек листи, тестови, редовност на домашни задачи др.) варираат согласно со типот на наставниот час. Учениците добиваат усна повратна информација базирана на набљудувањето на нивното активно учество |

<table>
<tr><td rowspan="3"></td><td></td><td>во работата на часот. Кај некои наставници во оценувањето на учениците се застапени рубриките за вреднување на иднивидуална задача.</td></tr>
<tr><td>Коефициент на континуитет на успехот на учениците</td><td>
<table>
<tr><th>Учебна година</th><th>Успех полугодие</th><th>Успех крај на година</th></tr>
<tr><td>2022-2023</td><td>4.25</td><td>4.78</td></tr>
<tr><td>2023-2024</td><td>4.27</td><td>4,76</td></tr>
<tr><td>2024-2025</td><td>4.15</td><td>4.75</td></tr>
<tr><td>коефициент</td><td colspan="2">0.89</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td></tr>
</table>
Повратната информација за подобрување на постигањата е конкретна и јасна во текот на секој наставен час, притоа честопати се даваат и насоки за конкретно усвојување (како да учиме) на презентираниот материјал.<br>Сепак, треба да се земе предвид фактот дека на полугоде учениците од IV, V и VI одделение се оценуваат со описни оценки, па за полугодишниот просечен успех се земени сите ученици од VII до IX одделение, а за годишниот сите ученици од IV до IX одделение.</td></tr>
<tr><td>Користење на информациите од оценувањето во наставата</td><td>Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и активностите при реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Се следи хоризонталното и вертикалното напредување на учениците, а на високо ниво е и меѓупредметната соработка за ученикот да постигне подобар резултат во наставата.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 1.5 Вонннаставни активности и натпревари</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| • годишна програма за работа;<br>• програми за вонннаставни активности;<br>• извештај од реализирани екскурзии;<br>• педагошка евиденција и документација;<br>• дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>• интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности;<br>• записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>• список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>• увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Се организираат голем број воннаставни активности од различен тип и карактер:<br>- Спортски активности преку училишните спортски клубови:фудбалски, кошаркарски, ракометни, одбојкарски натпревари на општинско, градско и државно ниво.<br>- Екскурзии и настава во природа: III (екскурзија),V (настава во природа), VI (дводневна екскурзија)и IX одделение (тридневна екскурзија)<br>- Излети: есенски и пролетен излет за сите одделенија<br>- Секции:драмска секција (редовна пригодна приредба за одбележување на Патрониот празник, Новогодишна претстава), литературна секција, (интерни и надворешни литературни конкурси), ликовна секција (интерни и надворешни ликовни конкурси), хор, оркестар итн.<br>- Акции:еколошки акции (средување на внатрешниот и надворешниот простор во училиштето, Светски ден на планетата Земја, Генералка-викенд, итн.) хуманитарни (Одбелешување на Ден на гладот, Новогодишна акција – Збогати ја новогодишната трпеза, Збогатување на библиотечниот фонд; финансиска помош за болни другарчиња итн.)<br>- Работилници: културно-уметнички, научни и други.<br>- Хепенинзи и базари: Ликовен хепенинг, Продажен Новогодишен базар, Продажен 8-момартовски базар итн)<br>Сите воннаставни активности се спроведуваат со јасно дефинирани цели, а пред сè позитивно да влијаат на учениците. Сите ученици имаат можност да извршат избор и да учествуваат на воннаставните активности. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со | Учениците од различен пол се активно вклучени како во наставниот процес, така и во воннаставните активности. Во рамки на воннаставните активности учениците учествуваат во проекти, работилници, приредби и спортски настани, што придонесува за развој на меѓусебна почит, соработка и толеранција. Ваквиот пристап |

| | | |
|---|---|---|
| | вонnаставните активности | овозможува сите ученици да се чувствуваат прифатени и вреднувани во училиштето. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонnаставните активности | Сите ученици имаат можност активно да се вклучат во изборот и планирањето на работата во вонnаставните активности. Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор низ транспарентна процедура. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на вонnаставните активности. |
| | Натпревари | Учениците имаат желба да учествуваат на натпревари. Имајќи предвид дека бројот на ученици кои може да учествуваат на еден натпревар (од здружение акредитирано од страна на МОН) честопати е ограничен, се организира училиштен натпревар кој овозможува селекција на најдобрите кандидати или пак кандидатот е одбран од наставникот поради неговите високи достигнувања на часовите. Учениците учествуваа на општински, регионални, државни и интернационални натпревари по:<br>- Математика одI-IX одд.<br>- Македонски јазик во IX одд.<br>- Ликовно образование одI – IX<br>- Природни науки и биологија од IV – IX одд.<br>- Странски јазици од V–IX одд.<br>- Хорски смотри<br>- Оркестарски смотри<br>- Физика VIII и IX одд.<br>- Хемија VIII и IX одд.<br>- ГеографијаVI – IX одд.<br>- Спортски натпревари<br>Изборот на кандидати за натпревар се врши со дозвола на родител или по желба на самиот ученикот. |

**Опис/резиме на подрачјето:**

- Наставниците редовно ја планираат наставата според зададените наставни програми за соодветните предметипропишани со наставни планови од МОН и БРО. Планирањата на наставниците вклучуваат годишни (долгорочни), тематски (среднорочни) и дневни (краткорочни) планирања за редовните и изборните предмети; планирања за соработка со родителите, индивидуални образовни планови, планирања на оценувањето итн. и сите тие редовно се проверуваат а по потреба и се ревидираат и/или се модифицираат во текот на учебната година. Овие планирања на наставниците се споделуваат со стручните соработници, а за учениците со ПОП, се споделуваат и со училишниот специјален едукатор и рехабилитор и со образовните асистенти. Во одделенска настава постои подобра соработка на ниво на стручен актив (генерација). Во предметна настава оваа соработка се јавува во голема мера, но потребно е да се зголеми, посебно со оглед на тоа што поради проодност на Концепцијата за основното образование потребно е пренесување на искуствата од новите наставни програми и оценување.
- Наставниците користат разни форми, методи и техники на поучување за да се задоволат потребите и индивидуалните способности на учениците. Оттука, учениците имаат широк спектар на можности за совладување на предвидениот материјал по сите опфатени предмети според наставниот план. Учениците даваат свои предлози за различни активности што може да помогнат при совладување на предвидениот материјал. За учениците редовно се организираат часови за дополнителна и додатна настава на кои учениците групно или индивидуално може да добијат специфични задачи и активности. Учеството во дополнителна или додатна настава е со претходна информираност и/или согласност од родител. За учениците со специфични образовни потреби во наставата се вклучени и образовни асистенти (вкупно 18) кои им помагаат на учениците и наставниците за совладување на целите и содржините.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и низ училиштето). Учените содржини поттикнуваат критичко размислување и ги оспособуваат учениците за решавање проблеми од реалниот живот.
- Учениците се оценуваат и вреднуваат формативно и сумативно според индивидуалните постигнувања, а во согласност со дадените насоки и стандардите и критериумите пропишани за сите предмети. За секој ученик се води портфолио. Се користат различни методи и инструменти во зависност од предметот и часот. За својата работа учениците добиваат повратна информација за подобрување на резултатите, а информациите добиени од оценувањето се користат за планирање соодветни активности со кои се надминуваат недостатоците.
- Во училиштето се планираат и реализираат различни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците со цел позитивно да се влијае на учениците. Се преземаат активности за подобра вклученост на учениците според полот и јазикот. Сите ученици имаат можност активно да се вклучат во воннаставните активности. Учениците активно учествуваат во натпреварите независно на кое ниво се тие: училишни, општински, регионални или државни.

**Силни страни:**

- Развиени долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања на наставниците;

- Успешни ИО планирања за учениците со ПОП;
- Поддршка од стручните соработници и инклузивниот тим;
- Размена на искуства и информации при планирањето на наставата;
- Добар систем на одбирање на изборните предмети;
- Примена на разновидни форми, методи и техники при планирањето на наставата;
- Инклузија на учениците со ПОП во редовната настава и добра соработка со образовните асистенти;
- Еднакви можности за ученците од различен пол, социјално потекло, етничка и религиска припадност без предрасуди и стереотипи;
- Позитивна клима во училницата;
- Подготвување распоред за дополнителна и додатна настава;
- Примена на разновидни форми, методи и инструменти при оценувањето на учениците со повратна информација за успешноста;
- Во училиштето се организираат разновидни вонннаставни активности според потребите и интересите на учениците;
- Активно учество и успеси на учениците во училишни, општински, регионални и државни натпревари организирани од акредитирани здруженија

**Слаби страни**

- Степенот на соработката меѓу наставниците во стручните активи е понизок во предметна настава отколку во одделенска настава;

**Приоритети**

- **Засилување на соработката во стручните активи;**

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **2.1 Постигања на учениците**<br>• Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**<br>• Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Лазо Ангеловски“ - Аеродром**
**Подрачје 2: Постигања на учениците**

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 2.1 Постигања на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr>
<td>• е-дневник;<br>• записници од родителски состаноци;<br>• анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување;<br>• анализи на резултати од екстерни тестирања;<br>• анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор</td>
<td>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди</td>
<td>Во училиштето работи Тим за унапредување на оценувањето што ги следи постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност, по наставни предмети и паралелки, низ квалификациони периоди во секоја учебна година. Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците се внесуваат во дневникот на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи. Постигањата на учениците се следат од една во друга учебна година и податоците се користат за понатамошните анализи.Согласно новиот Закон за основно образование од учебната 2019/2020 година,учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат со описна оценка во текот на целата учебна година, а бројчана оценка е крајната годишна оценка. Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик.<br><br>
УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ<br>2023/2024
<table>
<tr><td colspan="2" rowspan="3">Национална структура</td><td colspan="3">Македонци</td><td colspan="3">Албанци</td><td colspan="3">Срби</td><td colspan="3">Власи</td><td colspan="3">Турци</td><td colspan="3">Роми</td><td colspan="3">Бошњаци</td><td colspan="3">Други</td></tr>
<tr><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td><td>м</td><td>ж</td><td>вк.</td></tr>
<tr><td>503</td><td>450</td><td>953</td><td>/</td><td>1</td><td>1</td><td>3</td><td>/</td><td>3</td><td>1</td><td>1</td><td>2</td><td>1</td><td>1</td><td>2</td><td>5</td><td>2</td><td>7</td><td>3</td><td>2</td><td>5</td><td>1</td><td>/</td><td>1</td></tr>
<tr><td rowspan="5">Успех</td><td>Одличен</td><td>382</td><td>405</td><td>787</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td><td>1</td><td>/</td><td>1</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>2</td><td>2</td><td>/</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Мн. добар</td><td>106</td><td>41</td><td>147</td><td>/</td><td>1</td><td>/</td><td>2</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>4</td><td>1</td><td>/</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Добар</td><td>15</td><td>4</td><td>19</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td><td>1</td><td>/</td><td></td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Доволен</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Со слаби оценки</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
</table>
<br>Во 2023/2024 средниот успех е 4,76 односно приближно ист е средниот успех во 2022/2023 и 2023/2024 учебни години.<br>Во 2024/2025 средниот успех е 4,75 односноприближно ист е средниот успех споредено во 2023/2024 и 2024/2025 учебни години.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | Заклучно, средниот успех на учениците на крајот од наставната година во сите анализирани години се заокружува на 4,8. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Екстерно оценување на учениците се спроведува преку Меѓународната студија ПИРЛС, преку која се проверува оспособеноста на учениците од 9-10 годишна возраст за читање со разбирање. Во 2025 година по предметот македонски јазик, беа тестирани учениците од четврто одделение. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Континуирано во текот на учебната година се следи напредокот, успехот и поведението кај учениците со посебни образовни потреби преку индивидуални средби и разговори со наставници, родители, ученици, одделенски совети и сл.<br>Според нивните потреби се изработуваат Индивидуални образовни планови со среднорочни и долгорочни цели со помош и соработка на родителот, дефектологот, засегнатите предметни и одделенски наставници.<br>Реализирани се повеќе состаноци на Инклузивниот тим со родителите на ученици со ПОП и договори за изработка на ИОП. Во текот на учебната година изработени се среднорочни ИОП-и за учениците. Идентификувани се учениците со емоционални потешкотии преку индивидуални разговори на дефектологот и психологот со одделенските и предметните наставници, преку опсервација на часови и разговори со родители, користење на чек листи и др.инструменти за работа.<br>Учениците со ПОП се вклучени во разни вонаставни активности реализирани во училиштето. Притоа кај учениците се забележува чувство на припадност во општеството и истите повеќе се инклузираат во животот во училиштето.<br>Континуирано тече соработката со ОпштинаАеродром во реализирањето на проектот „Унапредување на воспитно образовниот процес и секојдневна грижа на деца со посебни образовни потреби" преку кој се ангажирани образовни асистенти во наставата со децата со потешкотии во учењето. Преку вклучување на образовни асистенти во наставата се забележува напредок во учењето кај учениците со посебни образовни потреби. Бројот на ученици со ПОП во |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовната настава значително расте, а со тоа расте и потребата од ангажирање на образовни асистенти во наставата со децата со потешкотии во учењето.<br>Кон крајот на секоја учебна година училиштето оставува барање до ОУРЦС”Д-р Златан Сремец” за обезбедување на образовни асистенти за наредната учебна година.<br>Наставниците во текот на учебната година изработуваат програма за додатна настава според којашто се работи со учениците со високи постигнувања. Се следат постигнувањата на овие ученици и нивното напредување. Се идентификуваат нови ученици кои се талентирани во различни области. Во текот на учебната година се одржуваа советодавно консултативни разговори со учениците кои имаат високи постигнувања и наставниците. Се работи на создавање и развој на позитивна клима кон надарените и талентираните ученици како и на развој на комуникациските релации со овие ученици. Воедно надарените и талентирани ученици во дадени области се активно вклучени во работата на различните видови секции, натпревари, конкурси, манифестации и организации, како и во проекти коишто се реализираа во училиштето. Се води подобра грижа и интерес за потребите на надарените и талентираните ученици. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Родителите редовно се информирани за постигнувањата (напредокот) на нивното дете преку одржување на родителски средби на кои се истакнува напредокот и успехот на учениците на целата паралелка. За индивидуалниот успех на учениците родителите се информираат преку електронскиот дневник и евидентните листови  кои ги подготвува одделенскиот раководител. Родителите го потврдуваат успехот на ученикот електронски во Е дневникот.<br>Родителски средби се одржуваат најмалку пет пати во текот на учебната година: на почетокот на тековната учебна година, на крајот од првото тримесечје, на крајот од првото полугодие, на крајот од третото тримесечје и пред крајот на учебната година, а по потреба се одржуваат и вонредни родителски средби. Во училиштето секој последен четврток од тековниот месец се одржува отворен ден.  Тогаш родителите имаат можност да се сретнат со сите предметни наставници и да се информираат за успехот на своите деца Родителите имаат постојан увид во успехот на ученикот преку електронскиот дневник, кој редовно се пополнува и ажурира од страна на наставниците.<br>Родителите имаат можност да се информираат од класниот раководител или предметниот наставник поконкретно за успехот, поведението и општо напредокот |

| | | |
|---|---|---|
| | | на своите деца на индивидуални средби во денови утврдени за секој наставник поединечно во Програмата за работа на училиштето. Приемните денови за секој наставник се истакнуваат на видно место во училиштето од каде родителите можат да се информираат за средба со наставниците. Истите се објавени и на веб страната на училиштето. Родителите/старателите се известуваат преку изготвената брошура за најважните активности и случувања за работата на училиштето. Брошурата за родители содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации. Исто така потребните информации кои се однесуваат на приемниот ден на наставниците, термините за додатна и дополнителна настава, одржување на отворен ден, куќен ред на училиштето и сл, Родителите овие информации можат да ги добијат и од Огласната табла која се наоѓа на влезот во училиштето и служи како Информатор за родители, како и на веб страната на училиштето. |

| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • записници од советувања на родители и ученици;<br>• распоред и списоци за дополнителна и додатна | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности кои што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Во врска со ова, одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање, изрекување на педагошки мерки на учениците и преземање на соодветни чекори за подобрување на редовноста. За ова училиштето има пишана процедура, а кај стручната служба постои уредна евиденција и документација, во пишана и во електронска форма. Во училиштето има интерен Правилник за изрекување на педагошки мерки. Исто така, во училиштето има дежурство на наставниците за време на одморите кое што би |

<table>
<tr>
<td>настава;<br>• е-дневник;<br>• извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата</td>
<td></td>
<td>требало да придонесува за редовноста на часовите.<br>Согласно табеларниот приказ, има благ пораст на изостаноците во 2023/2024год споредбено со 2022/2023год.<br><br>
<table>
<tr><th>Учебна година</th><th>2022/2023</th><th>2023/2024</th><th>2024/2025</th></tr>
<tr><td>оправдани</td><td>40475</td><td>43289</td><td>54713</td></tr>
<tr><td>неоправдани</td><td>257</td><td>298</td><td>582</td></tr>
<tr><td>вкупно</td><td>40732</td><td>43587</td><td>55295</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Советување на родители/старатели и ученици</td>
<td>Родителите на учениците кои нередовно посетуваат настава, имаа намален успех во учењето и несоодветно се однесуваа во училиште се повикуваат на Советувања на родители кои се реализираа од страна на психологот во училиштето.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава</td>
<td>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи и техники на работа притоа користејќи најразлични извори на информации. Знаењата ги стекнуваат со посета на интерни или надворешни обуки и семинари со што се постигнуваат високи резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа , разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата).<br>Согласно горенаведеното наставата е поинтересно организирана, а комуникацијата наставник-ученик е поголема и поефективна.<br>Во оценувањето се применува транспарентно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. Според однапред утврден распоред од страна на наставниците, во нашето училиште се организираат часови по дополнителна и додатна настава. Според програмата за деветгодишно основно образование усогласена со новата концепција, дополнителна и додатна настава,се реализира во сите одделенија.<br><br>
<table>
<tr><th>Учебна година</th><th>Дополнителна настава</th><th>Додатна настава</th></tr>
<tr><td>2022/2023</td><td>1242</td><td>1194</td></tr>
<tr><td>2023/2024</td><td>1604</td><td>1575</td></tr>
<tr><td>2024/2025</td><td>2213</td><td>1514</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

**Опис/резиме на подрачјето:**

- Според анализите направени од Годишните програми за учебните 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година,полугодишните и годишните извештаи за 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година, извештаите и записниците од Стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор, како и увидот во педагошката евиденција и документација, донесени се следните заклучоци:
- Училиштето има инструменти со кои ги следи постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност по наставни предмети,по генерации и предмети и по квалификациони периоди.Училиштето презема конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност, со помош на програмата и индикаторите за идентификација на ученици со ПОП, успешно се идентификуваат учениците со ПОП, нивната вклученост во воннаставните активности и ангажманот на образовните асистенти ги подобрува нивните преформанси.Наставниците и учениците покажуваат разбирање кон учениците со потешкотии во учењето и им помагаат за да ги надминат проблемите со учењето.
- Училиштето има стратегија за идентификација на надарени ученици.Наставниците посветуваат внимание на талентираните ученици на часовите по додатна настава.
- Часовите по дополнителна настава се реализираат редовно и истите им помагаат на учениците во надминување на потешкотиите во учењето.
- Училиштето има систем за следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и едно во друго ниво на образование.
- За подобрување на постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни методи и техники на работа притоа користејќи најразлични извори на информации.
- Училиштето води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците и прави анализа на напредокот по паралелки. Личните постигнувањата на учениците се промовираат. Училиштето има веб страна на која се објавуваат сите потребни информации поврзани со работата на училиштето.
- Екстерно оценување на учениците се спроведува преку Меѓународната студија ПИРЛС,преку која се проверува оспособеноста на учениците од 9-10 годишна возраст за читање со разбирање.
- Наставниците преку методите и формите на работа кои ги користат,најразличните техники и стратегии добиваат подетална слика за напредокот и постигањата на учениците,а тоа ќе има позитивно влијание за наредните чекори во учењето.

**Силни страни**

- Училиштето превзема конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност.
- Часовите по дополнителна и додатна настава редовно се реализираат,и истите им помагаат на учениците во надминување на потешкотиите во учењето, односно во надополнување на нивните знаења.
- Со помош на програмата и индикаторите за идентификација на ученици со ПОП, успешно се идентификуваат учениците со ПОП, нивната вклученост во воннаставните активности и ангажманот на образовните асистенти ги подобрува нивните преформанси.
- Наставниците и учениците покажуваат разбирање кон учениците со потешкотии во учењето и им помагаат за да ги надминат проблемите со учењето,
- Училиштето има стратегија за идентификација на надарени ученици и наставниците посветуваат внимание на талентираните ученици.
- Училиштето има систем за следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и едно во друго ниво на образование,
- Учениците се задоволни од стручната спремност на наставниците.
- Наставниците влијаат на подобрување на поведението на учениците.
- Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.
- Наставниците се достапни за соработка со родителите преку својот приемен час и отворениот ден.
- Наставниците применуваат современи техники и методи на учење и подучување и ИКТ
- Голем број ученици се вклучени во воннаставните активности во училиштето, како и во голем број натпревари на кои постигнуваат високи резултати.
- Училиштето води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците и прави анализа на напредокот по паралелки
- Личните постигнувањата на учениците се промовираат
- Училиштето има веб - страна на која се објавуваат сите потребни информации поврзани со работата на училиштето

**Слаби страни**

- Зголемен број на оправдани и неоправдани изостаноци.

**Приоритети**

- **Мерки за подобрување на редовноста на учениците.**

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>• Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>• Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>• Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците**<br>• Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за социо-емоционаланта добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Лазо Ангеловски“ Скопје**
**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • кодекс на однесување;<br>• анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>• педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>• статут на училиштето;<br>• куќен ред на училиштето;<br>• пофалби, награди, признанија и др.;<br>• написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>• решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител;<br>• програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>• досие на ученички | Углед/имиџ на училиштето | Вработените заедно со учениците и нивните родители придонесуваат во училиштето да се постигне висок квалитет на работна атмосфера како и постигнувања во различни области. Сите структури во училиштето се стремат кон остварување на визијата и мисијата предвидени во Годишната програма за работа. Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни вonнаставни активности, меѓусебните односи на сите чинители вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа, постигнувањата на учениците, дисциплината и континуираната насоченост кон остварување на визијата и мисијата на училиштето. Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат угледот на училиштето во што несомнено и успеваат. Наставниот кадар ужива почитување кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Промовирање на постигнувањата за сите ученици, како и афирмирање на воннаставните активности се прават преку facebook страната на училиштето и веб- страната. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествуваа преставници на сите структури во училиштето и доследно се почитува од сите. Доколку правилата на однесување донесени со кодексот се прекршат на било кој начин, во тој случај училиштето ќе премине кон извршување на пропишаните процедури за прекршување на истиот.<br>Со кодексот се запознаваат учениците и роделите во почетокот од секоја учебна година, на првата родителска средба и истиот е истакнат на видно место во училиштето и објавени на веб- страната. |

| | | |
|---|---|---|
| парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | Училишна клима | Училишната клима и односите во училиштето се темелат врз основа на Куќниот ред, Правилник за однесување на вработените, Кодекс за однесување на родителите, Кодекс за однесување на учениците за време на екскурзија. Истите континуирано и доследно ги почитуваат повеќето чинители во воспитно-образовниот процес. Училишната клима се гради врз основа на водење на конструктивен професионален дијалог помеѓуврботените и градење позитивни односи на релација наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Анализата од овој индикатор укажува дека нема промени во однос на пропишаните акти за одржување на дисциплината во училиштето (куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар) а кои се однесуваат на учениците и наставниот кадар. Поведението и дисциплината во училиштето е на задоволително ниво.<br>Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставните и воннаставните активности, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, одморите, приемот на учениците и нивното испраќање. Во текот на целата година за да се одржи редот и дисциплината и безбедноста во училиштето постојат секојдневни дежурства од предметни и одделенски наставници.<br>Сите вработени се трудат да одржат позитивна атмосфера во училиштето. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците во училиштето во континуитет учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето на одлуките членувајќи во Заедницата на паралелката и Ученичкиот парламент. Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето 2024-25 година, во текот на учебната 2024/2025 година во рамките на училишниот парламент се реализираат активности за спроведување на демократски иницијативи од страна на учениците.<br>Учениците во текот на првото полугодие иницираат три активности кои ќе треба да се реализираат. По спроведување на активностите се реализира отворен ден за презентација на активностите. Целта е учениците да се чувствуваат како еднакви учесници во работата на училиштето, демократски да се вклучат во решавањето на проблемите и работата на училиштето, да поднесуваат иницијативи и да научат како да ги спроведуваат.<br>Учениците преку ученичкиот парламент активно учествуваат во застапувањето и промовирањето на правата и интересите на учениците. Претставници од ученичкиот парламент се присутни на наставничките совети, совет на росители и на состаноците на Училишен одбор. |

| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br>• извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>• записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките;<br>• записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција;<br>• дневник за работа на стручните соработници;<br>• оперативен план за наставен час;<br>• записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација | Познавање и почитување на правата на децата | Училиштето води континуирана политика на запознавање на учениците со правата на децата. Активностите се реализираат преку програмата за Животни вештини и предметот Граѓанско образование во VIII и IX одд. За промовирањето и заштитата на правата на учениците во училштето постои и Ученички правобранител и Училишен парламент. Членовите на Училишниот парламент учат за правата на децата и се запознаваат со Конвенцијата за правата на децата.<br>Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост и правичен однос на сите ученици. Во училиштето се организираат вонnаставни активности по повод Детска недела и Меѓународен ден на детето на кој се става посебен акцент на правата на децата. На голем дел од активностите присуствуваат и родителите/старателите. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето води континуирана политика на еднаков третман на сите ученици без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социјално потекло и способностите. Активностите се рализираат преку предавања, работилници и др. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјално потекло, индивидуални способности и кога се работи за активноста на часот.<br>Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава и воннаставните активности.Училиштето ја прифаќа и промовира мултикултурата(постоење на повеќе форми на културен живот во една општествена средина). Наставниците во своите годишни програми доставуваат и план за спроведување на мултикултурни активности на часовите. Во нашето училиште има ученици од различни етнички заедници(срби, роми, бошњаци, руси и други). Училиштето организира настани и вонаставни активности како што се приредби, прослави, секции посветени на традицијата и културата.<br>Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>• записници од советот на родители и родителски средби;<br>• анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br>• анкета/интервју со претставник на локалната заедница;<br>• статут на училиштето;<br>• интернет- страница на | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Родителите имаат можност да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето на две нивоа и тоа:<br>- ниво на паралелка<br>- ниво на училиште<br>Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма и избира свои претставници во Училишниот одбор.<br>Во училиштето се организираат совети, редовни и индивидуални родителски средби, приемен ден на наставниците со распоредот на приемни денови за секој наставник е истакнат на веб страната на училиштето, додека пак отворениот ден се реализираше секој последен четврток во месецот.<br>Со свои предлози и лично вложување родителите и Црвен крстучествуваа во организација на базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација и задолжени за |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето;<br>• договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;<br>• извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница;<br>• документација за добиени спонзорства и донации | | реализација и супервизија во која задолжително има претставници од Советот на родители.Во оваа учебна година се реализираа следните акции:<br>• Хуманитарна акција по повод Денот на гладта<br>• Крводарителски акции<br>• Хуманитарна акција за донирање на парични средства по повод божиќните празници за учениците од социјално загрозените семејста<br>• Доделување на новогодишни пакетчиња за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Новогодишен продажен базар со изработки од ученици,наставници и родители<br>• Донираме за нашиот соученик кој е со влошена здравствена состојба<br>• Набавка на облека за полуматура за ученици од социјално загрозени семејства<br><br>Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интереси.<br><br>**Во процесот на учење**<br>Родителите редовно се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците преку редовни родителски средби, отворени денови на училиштето, приемни денови на наставниците веб страна и преку социјалните мрежи.<br>На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни насоки на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.<br>Учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканувaат на советување кое што го води психологот.<br>Родителите во секој момент се информирани за наставните содржини, постигнувањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи преку е-дневникот.<br>Родителите земаат активно учество во проектните активности, работилници, предавања и други манифестации.<br>Веб страната на училиштето функционира непрекинато, се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.<br><br>**Во донесувањето одлуки**<br>Родителите се многу значајни за донесување на одлуки во училиштето со нивни мислења по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл. На редовните состаноци на Советот на родители, на родителите-претставници им беше овозможено активно и континуирано учество во донесување на одлуки.<br>Родителите се активно вклучени и во донесување одлуки преку своите претставници и во работата на училишниот одбор. |
| | Соработка со Општината и со урбаната заедница | Училиштето соработува со локалната самоуправа преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини, а целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно–образовното ниво кај месното население.<br>Училиштето има соработката со училиштата од нашата општина како и предучилишните установи, по потреба со останатите основни училишта, со надлежните институции за образование од општината, БРО, ДПИ, МОН, државни универзитети и други институции од оваа област преку разни состаноци, трибини, обуки и семинари, а исто така се организирани посети на: Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, Македонска Филхармонија, Македонска опера и балет, природно научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеј на илузии и други знаменитости.<br>Во прилог на заштита на здравјето на учениците и вработените, продолжува соработката со здравствените институции во државата и со осигурителната компанија Кроација осигурување. |

| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Превенција и заштита од насилство | Училиштето континуирано вложува во превенција од насилство.<br>Училиштето забранува секаков облик на насилство (физичко и психичко) манифестирано од страна на возрасните и учениците Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето , а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. За превенција од врсничко насилство, изготвен е Кодекс на однесување на учениците. За непочитување на кодексот на однесување утврдени се критериуми за изрекување на педагошки мерки. Евидентирањето на педагошките мерки се врши во педагошката документација и евиденција, за што се известуваат Наставничкиот совет, учениците и нивните родители. Во училиштето е изготвен Кодекс на однесување занаставниците и Кодекс на однесување за родителите кон кои сите се залагаат и придржуваат.<br>Во училиштето е формиран Тим за ненасилно однесување во кој членуваат наставници,стручни соработници и ученици. Училиштето е вклучено во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Реализатори на овој проект се: Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци. Целта на проектот е остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина, при што во нашето училиште се реализирани повеќе работилници во кое учество земаа ученици, наставници и стручните соработници. Во соработка со одделенските наставници реализира работилници за разрешување на конфликти во паралелки во одделенска настава. Преку разговори со учениците од предметна настава на теми за намалување на насилството произлезе и идејата за меѓувсничка поддршка, при која учениците учат како сами да ги разрешуваат конфликтните ситуации.<br>Во случај на пријавување на врсничко насилство се постапува навремено и непристрасно според пишан документ донесен во училиштето „Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување “. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во рамките на превентивните активности, стручните соработници остваруваа соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Заводот за ментално здравје, полициската станица Аеродром. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираа работилници од програмата за Животни вештини. Идентификација на учениците кои имаат проблеми со зависност се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивното надминување преку советување на учениците и родителите, изрекување на соодветни педагошки мерки според Интерниот правилник на училиштето за награди и казни. Постои соработка со релевантни институции и локалната самоуправа за спречување на девијатните појави во училиштето. Во училиштето се реализираат предавања од страна на надворешни стручни лица (Црвен крст, Меѓаши и сл.) за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во училиштето се спроведуваат и проектни активности, истражувања, дебати со поголемите ученици на зададените теми. |
| | Квалитетна достапна храна | Учениците добиваат топол оброк и ужина, а училиштето заедно со родителите водат сметка учениците да се хранат здраво. Фирмата закупец на училишната кујна ги исполнува предвидените услови според ХАСАП системот, доставува примероци од храната за испитување на квалитетот на храната. Вработените во кујната редовно одат на санитарни прегледи. Редовно се врши контрола на квалитетот на исхраната од страна на санитарната испекција, а училиштето има увид во нивните извештаи.<br>За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето организираше едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта е едукација на учениците за подигнување на свеста за консумирање здрава храна и формирање на навики за правилен развој. Се одржуваа предавања на теми за здрава исхрана и здрав живот во соработка со родители кои се стручно едуцирани во тематиката на здрава исхрана.<br>Формирана е Комисија за исхрана со цел следење и подобрување на квалитетот на исхраната на учениците, осигурување на безбедноста на храната и промовирање на здрави навики во исхраната.<br>Одделението за квалитет на храната при Институт за јавно здравје на РСМ, изврши |

| | | |
|---|---|---|
| | | проверка на квалитетот на храната која се служи на учениците во продолжен престој и констатира дека ги задоволува квалитетот и стандардите на истата. Квалитетот на производи од кои се подготвуваат оброците е во согласност со Законот за безбедност на храната („Сл. весник на РМ“ бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/2015, 213/2015 и 39/2016) и Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на РМ“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13 106/2013, 116/2015, 149/2015, 193/2015 и 39/2016), Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште Бр.18-14496/1 од 17.12.2020 донесен од страна на Министерот за образование и наука како и други подзаконските акти од областа на безбедност на храната. |
| | Хигиена и заштита од болести | Анализата од овој индикатор укажува дека техничкиот персонал континуирано се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците восоработка со родителите водеа грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена.<br>Училиштето преку различни акции, предавања, работилници во текот на учебната година ја поттикнуваше свеста кај учениците за одржување на хигиената. Одделенските раководители во својата паралелка превентивно работеа и реагираат во ситуации кога е намалена хигиената. Училиштето континуирано обезбедуваше средства за чистење и дезинфекција на училишните простории. По потреба училиштето соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација за одржување на хигиената во училиштето. Редовно се организира санитарен преглед за сите вработени, во соработка со Центар за јавно здравје - Скопје.<br>Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одделение се врши според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје-Скопје, во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Редовни систематски прегледи се реализираат за учениците според планот на Поликлиника Јане Сандански со која и оваа година продолжи соработката.<br>Од страна на стоматолошката амбуланта во Поликлиниката Јане Сандански се вршат редовни стоматолошки прегледи на учениците од I до IX одделение. |
| | Грижа за безбедноста на | Училиштето презема различни активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди. Училишната инфраструктура е безбедна и не |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците и вработените | претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата и престој во училишната зграда и двор. Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди” (во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди),Куќен ред (со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот и раководниот кадар), располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Училиштето поседува и дефибрилатор. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.<br>Во соработка со Тимот за одговор при катастрофи на Црвен Крст на град Скопје,ПСОН Аеродром, Противпожарната бригада Скопје,ДПД„Бајрам Мифтари„ се спроведоа вежбовни активности за евакуација (спасување) од земјотреси и пожари (како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор).<br>Според насоките од Дирекцијата за заштита и спасување секој наставник планира и реализира содржини од Правилникот за самозаштита.<br>За зголемување на степенот на безбедност на учениците и заштита и безбедност на просториите во училиштето во работните денови обезбедено е физичко обезбедување.<br>Во училиштето има Тим за прва помош со стекнати сертификати за давање на прва помош на учениците и интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди од било кој вид. Исто така изготвен е и Правилник за давање на прва помош при незгоди (приоритет од претходната самоевалуација)<br>Изготвен е и Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците, за родителите и има истакнат распоред на дежурства на наставниците на видно место .<br>Во првото полугодие од оваа учебна година Училишниот одбор и Општина Аеродром донесоа одлука за забрана за носење на телефони за време на наставата. Учениците ги оставаа телефоните на влезот на училиштето во посебни кутии кои се чуваат во посебна просторија и по завршување на часовите истите им се враќаа. Оваа одлука е |

| | | |
|---|---|---|
| | | донесена со цел да се намалат опасностите од следење на небезбедни игри на учениците на социјалните мрежи, а исто така и заради поголемо меѓусебно дружење и социјална интеракција на учениците.<br>Во периодот од 07 до 14.04.2025 година, во нашето училиште извршено е едукација и предавање на учениците од VI до IX одделение, на тема „Заштита и превенција од пожари”. Целта на оваа едукација е дека со навремена информираност и со личен придонес може да се подигне свеста за опасноста од пожарите и за степенот на противпожарната култура и со тоа да се намалат последиците предизвикани од пожарите.<br>Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно - образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедност.Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница преку предавања од Министрството за внатрешни работи, Полициска станица, Општина Аеродром и Центарот за социјални грижи. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето континуирано вложува во грижата за учениците од социјално загрозени семејства. Во училиштето има систем на евиденција на социјално загрозените ученици е со евидентирање со соодветна белешка од соодветна институција, или уште при самиот прием во прво одделение со пополнувањето на прашалникот од страна на родителот/старателот да го наведе проблемот. Со оглед на големиот број на ученици во нашето училиште, како и економската состојба во која живееме мал е бројот на ученици кои се евидентирани како ученици од социјално загрозени семејства, што се должи на недостаток на белешка за докажување на истото(од најразлични причини многу ученици не можат да ја достават, некогаш од немарност, од срам од околината и сл.).<br>Во училиштето за да се помогнат овие ученици и семејства во текот на една учебна година се организираат повеќе различни хуманитарни акции за собирање на храна (Советот на родители на училиштето традиционално ја организира хуманитарната акција „Да ја зботатиме божиќната трпеза“ , „Денот на гладта “) стара облека, играчки, училишен прибор и сл; . На учениците од социјално загрозени семејства во соработка со донаторски организации им се помага со училиштен прибор и облека.<br>Собраните средства не се доделуваат само на учениците кои што имаат белешка за |

| | | |
|---|---|---|
| | | примање на социјална помош, туку и кај учениците за кои стручната служба, одделенските и класните раководители имаат сознанија за семејната состојба во која се наоѓа ученикот. Исто така училиштето остварува соработка со одредени НВО, Министерството за образование, општината, родителите со свои донации,Црвен крст за потребите на овие ученици. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето води грижа за сите ученици, а посебно за учениците со здравствени проблеми. Уште при самиот прием на првачиња во училиштето родителите задолжително пополнуваат прашалник каде меѓу другото треба да дадат информации за тоа дали нивното дете боледува од некое заболување, алергија и сл. Со тоа добиваме информации за здравјето на овие ученици, а потоа се информираат и наставниците за да дадат соодветна грижа доколку е потребно.<br>Дел од наставниците слични прашалници им делат на родителите на првата родителска средба со цел да се добијат важни информации за здравјето на учениците.<br>Соработката со здравствениот дом „Јане Сандански" е континуирана, а со останатите здравствени институции е повремена односно по потреба.<br>Во училиштето стручната служба изработува  Годишна програма за грижа за здравје на учениците. Доколку има пријавено ученици со здравствени проблеми од било каков карактер, наставниците ја информираат стручната служба, доставуваат медицинска белешка, разговараат за проблемот и се договараат за преземање на мерки и активности за во иднина. Се информираат за етимологијата, симптомите и карактеристиките на заболувањето, соработуваат со надворешни здравствени и други релевантни установи. За учениците кои во одреден период од годината поради одредени здравствени проблеми имале потешкотии во совладувањето на материјалот, како и за оние ученици кои имаат посебни образовни потреби, со цел да им се помогне и овозможи понатамошен напредок и развој, се изведува дополнителна настава согласно планот за реализација на часовите за дополнителна настава.<br>Учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава (повеќе од една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети) полагаат одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план. Одделенскиот испит ученикот го полага пред испитна комисија, која ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и |

| | | |
|---|---|---|
| | | два члена- наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето континуирано води грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручната служба има изготвено програма за грижа за ученици со емоционални потешкотии и согласно истата се постапува соодветно во соработка со одделенските раководители и предметни наставници. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето континуирано помага на учениците за правилно насочување и избор на на нивните занимања. Најчесто професионалното информирање и советување се спроведува во месеците април и мај од страна на Тимот за професионална ориентација, а во согласност со Годишна програма за давање советодавна помош за понатамошното образование на учениците. На учениците им се даваат анкети, скали на самопроцена на интересите и способностите. Се организираат работилници ( „ Мојата идна професија ") каде се дискутира за факторите кои влијаат на донесување на одлуките за избор на занимање. Се изготвуваaат препораки за тоа кои професии би им одговарале според направените самопроценки. За потребите на професионална ориентација и информирање на учениците од деветто одделение, а со цел да ги презентираат своите насоки и профили, средните училишта реализираат презентации и разговори со нашите ученици кои им овозможуваат одблиску да се запознаат со наставните програми, условите и критеирумите за упис во средно образование, а исто така нашите наставници и стручни соработници заедно со деветооделенците посетија и дел од средните училишта кои одржуваа отворен ден . |

**Опис/резиме на подрачјето**

- Вработените заедно со учениците и нивните родители придонесуваат во училиштето да се постигне висок квалитет на работа и постигнувања во различни области. Сите структури во училиштето се стремат кон остварување на визијата и мисијата предвидени во Годишната програма за работа.
- Училиштето ужива углед во локалната средина, за што се заслужни сите вработени и учениците. Училиштето поседува Правилник за однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето.Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството помеѓу учениците.
- Во училиштето постојат безбедни услови за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според

| |
|---|
| планираното. Дел од наставниците се сертифицирани за давање прва помош при несреќни случаи. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди .Од анкетниот прашалник може да се заклучи дека и наставниците и учениците во голем процент се согласни дека во училиштето се спроведуваат симулации за заштита од елементарни непогоди.<br>❖ Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Родителите и учениците во најголем процент се согласни дека најдобар начин за заштита од врсничко насилство е преку разговори со одделенските раководители и разговори во семејството.<br>❖ Училиштето се стреми кон превенција од алкохол, дрога и други опојни супстанци.За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмата за Животни вештини.<br>❖ Училиштето обезбедува топол оброк и ужина и се грижи да бидат запазени стандардите за квалитетот на храната што им се нуди на учениците и се следат сите законски процедури при изборот на организираната исхрана на учениците.<br>❖ Нашето училиште е целосно инклузивно и достапно за сите ученици (инклузивни тоалет, беа поставени пристапни рампи,тактилни патеки, знаци како и прастапен лифт за учениците со попреченост. сензорна соба опремена со дидактички материјали, сензорни елементи и рехабилитациско-рекрациска опрема). Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства и кога се укажува можност обезбедува материјални средства или друг вид помош со надворешна финансиска подршка или преку интерни хуманитарни акции<br>❖ Во училиштето постојано се води грижа за хигиената да се одржи на високо ниво и се реализираат предавања и работилници на актуелни теми за заштита од заразни болести<br>❖ Училиштето континуирано им помага на учениците за правилно насочување и избор на на нивното понатамошно образование.<br>❖ Училиштето организира активности за правата на децата во кои се вклучени и родители. |
| ***Силни страни:***<br><br>❖ Училиштето презема различни активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди, изготвен е и Правилник за давање на прва помош при незгоди ( приоритет од претходната самоевалуација)<br>❖ Училиштето презема мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави во училиштето,<br>❖ Нашето училиште е целосно инклузивно и достапно за сите ученици<br>❖ Училиштето води евиденција и во рамките на своите можности и дава поддршка за ученици од социјално ранливи семејства, потребно е подобро информирање на учениците за работата на Тимот што води грижа за ученици од социјално загрозени семејства<br>❖ Води грижа за навремено и редовно спроведување на сите потребни систематски, стоматолошки прегледи и редовно вакцинирање на учениците според календар за имунизација.<br>❖ Го прифаќа и промовира мултикултурализмот и во таа насока се воспитувааат и образуваат учениците.<br>❖ Училиштето има еднаков и правичен третман на сите ученици независно од пол, етничка припадност и социјално потекло.<br>❖ Училиштето континуирано им помага на учениците за правилно насочување и избор на нивното понатамошно образование,<br>❖ Има изработено Програма за професионален развој и стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар |

| |
|---|
| ❖ Куќниот ред и Кодексот на однесување во училиштето во голема мера се почитуваат<br>❖ Училиштето континуирано им помага на учениците за правилно насочување и избор на на нивното понатамошно образование |
| ***Слаби страни***<br><br>❖ Недоволна посетеност на веб страната од страна на родителите и со тоа недоволна информираност на родителите за сите училишни документи |
| ***Приоритети***<br><br>❖ **Поголема посетеност на родителите на веб страната заради подобра комуникација и вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес..** |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>• Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика**<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Лазо Ангеловски“ Скопје**
**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • програма за работа на училишниот одбор;<br>• деловник за работа на училишниот одбор;<br>• статут на училиштето;<br>• записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>• развојна програма на училиштето;<br>• програма за работа на директорот;<br>• програми за професионален развој;<br>• докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>• интервјуа со наставници, родители | Управување со училиштето | Училишниот одбор, како орган на управување со училиштето, е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето. Училишниот одбор како орган на управување ги извршува своите предвидени надлежности.<br>Училишниот одбор има деловник за работа и во целост ги следи постапките и процедурите опишани во истиот (број на членови, начин на свикување на состаноците, начин на водење на состаноците, начин на одлучување, водење записници и документација за работата на УО).<br>Постои целосна транспарентност во одлуките кои ги донесува. Членовите се запознаени со надлежностите кои ги имаат и сите програмски документи на училиштето ги усвојуваат со претходно детално разгледување на истите.<br>Постои соработка меѓу училишниот одбор и раководниот орган на училиштето како и другите училишни структури. На седниците се водат и донесуваат одлуки за актуелни, тековни прашања за работата во училиштето. За одлуките се информираат вработените во училиштето преку Наставнички совет и извештаи за работа на УО. |
| | Раководење со училиштето | Директорот своите работни задачи ги извршува согласно Годишната програма за работа на директорот и Законот за основно образование.<br>Директорот е одговорен за законитоста на работењето на училиштето како и материјално финансиското работење на училиштето. Го застапува и го претставува училиштето.<br>Директорот ја следи тимската работа донесува одлуки, делегира надлежности, комуницира со учениците, вработените и родителите, а одговорен е и за остварување на правата и обврските на учениците.<br>Иницира имплементирање на новините во образованието.<br>Континуирано ја следи имплементацијата на приоритетите идентификувани во развојната програма. Воспоставува партнерства со локалната и деловната средина како и со граѓанските организации |

| | | |
|---|---|---|
| и ученици и училишниот одбор;<br>• распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето;<br>• прашалник за одговорното лице од општината;<br>• докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации),<br>• активности и програма за работа на училишната библиотека/ медијатека | | |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето ги користи рационално материјалните ресурси кои се потребни за успешно реализирање на наставата. Просторните капацитети ги задоволуваат стандардите за изведување настава, но секогаш има потреба од дополнителен простор за успешно спроведување на активностите.<br>Во најголем број потребните потрошни материјали ги обезбедува училиштето, но во изминатиот период училиштето големиот дел од наставните средства и помагала ги обезбедува преку донации од различни сфери, вклучувајќи ги партнерите на училиштето како книжарница ТРИМАКС и бизнис заедницата во која се вклучени и родителите.<br>Секоја учебна година наставниците доставуваат список со материјали кои им се потребни во наставата и согласно предвидениот буџет на училиштето се набавуваат потребните средства. Родителите исто така учествуваат со свои донации и преку собирни акции на ниво на паралека и на ниво на училиште.<br>Библиотеката на училиштето прави различни собирни акции и Саем на книгата со цел прибирање на лектирен фонд кој им е достапен на учениците. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има соодветен наставен кадар и изборот на наставен кадар и стручни соработници се врши согласно критериуми кои е потребно да ги исполнуваат кандидатите за вработување. Само во одредени случаи се соочуваме со потешкотии во обезбедување на наставен кадар поради недостиг на стручни кадри од поедини предмети поради намалена популарност на професијата.<br>Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.<br>За професионален развој на наставниот кадар, на почеток на секоја учебна година секој наставник и стручен соработник согласно своите компетенции изработува личен план за професионален развој каде ги наведува областите за кои има потреба за обука. Согласно истите училиштето организира обуки за професионално надоградување на наставниците и стручните соработници.<br>Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето организира и ги вклучува наставниците и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Училиштето организира дисеминација на искуствата здобиени од |

| | | |
|---|---|---|
| | | обуките.<br>Училиштето има изработено правилник за пофалување и наградување на наставниците и стручните соработници согласно кои се пријавуваат кандидати и се избира најдобар наставник/стручен соработник за тековната учебна година.<br>Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, како и програма за менторство. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Наставата ја следи раководната и стручната служба најмалку два пати годишно или по потреба. По секое следење се прави разговор со наставникот и му се даваат повратни информации за подобрување на квалитетот на наставата.<br>При следната посета на часовите се следи дали се применуваат препораките кои биле дадениод претходно извршените посети. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • развојна програма на училиштето;<br>• годишна програма за работа на училиштето;<br>• извештај од самоевалуација;<br>• план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови;<br>• анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето изработува Годишна програма во која се планирани целите кои треба да се постигнат со развојната програма. Училиштето има своја веб страна и социјални мрежи на кои се објавуваат важни информации за заинтересираните страни. За сите поважни информации се изготвуваат соопштенија кои се објавуваат на огласната табла и на веб страната на училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Во развојната програма на училиштето се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој, како и начинот на следењето и евалуацијата на развојната програма со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.<br>При развојното планирање учествува училишен тим кој го сочинуваат директор, помошник директор,наставници, стручни соработници и родител.<br>Развојната програма на училиштето ја подготвува директорот, а ја усвојува Училишниот одбор. Сите чинители при изработка на развојната програма соработуваат меѓусебе во најдобар интерес на училиштето.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што |

| | | |
|---|---|---|
| учениците;<br>• записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет;<br>• интерни акти;<br>• програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>• деловник за работа на училишниот одбор;<br>• план за професионален развој;<br>• буџет и финансиски план на училиштето | | треба да се постигнат и динамиката за реализирање.<br>Училиштето има акциски планови, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на развојната програма. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот на училиштето има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства и ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.<br>Буџетските средства се користат наменски за приоритетите и целите на училиштето како и за подобрување на квалитетот на наставниот процес.<br>Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Финансискиот план е усвоен од Училишниот одбор и Советот на општината |

**Опис/резименаподрачјето**

- Училишниот одбор, како орган на управување со училиштето, е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето и тој ги извршува своите предвидени надлежности;Има деловник за работа и во целост ги следи постапките и процедурите опишани во истиот (број на членови, начин на свикување на состаноците, начин на водење на состаноците, начин на одлучување, водење записници и документација за работата на УО. Постои целосна транспарентност во одлуките кои ги донесува. Членовите се запознаени со надлежностите кои ги имаат и сите програмски документи на училиштето ги усвојуваат со претходно детално разгледување на истите. Има соработка меѓу училишниот одбор и раководниот орган на училиштето како и другите училишни структури. На седниците се водат и донесуваат одлуки за актуелни, тековни прашања за работата во училиштето. За одлуките се информираат вработените во училиштето преку Наставнички совет и извештаи за работа на УО.
- Органот на раководење своите работни задачи ги извршува согласно Годишната програма за работа на директорот и Законот за основно образование. Одговорен за законитоста на работењето на училиштето како и материјално финансиското работење на училиштето. Го застапува и го претставува училиштето. Директорот ја следи тимската работа донесува одлуки, делегира надлежности, комуницира со учениците, вработените и родителите, а одговорен е и за остварување на правата и обврските на

учениците.

- Училиштето ги користи рационално материјалните ресурси кои се потребни за успешно реализирање на наставата. Просторните капацитети ги задоволуваат стандардите за изведување настава, но секогаш има потреба од дополнителен простор за успешно спроведување на активностите. Во најголем број потребните потрошни материјали ги обезбедува училиштето. Покрај тоа во текот на учебната година училиштето добива донации од родители и општествено одговорни компании. Секоја учебна година наставниците доставуваат список со материјали кои им се потребни во наставата и согласно предвидениот буџет на училиштето се набавуваат потребните средства. Родителите исто така учествуваат со свои донации и преку собирни акции на ниво на паралека и на ниво на училиште. Библиотеката на училиштето прави различни собирни акции и Саем на книгата со цел прибирање на лектирен фонд кој им е достапен на учениците
- Училиштето има соодветен наставен кадар и изборот на наставен кадар и стручни соработници се врши согласно критериуми кои е потребно да ги исполнуваат кандидатите за вработување. Во одредени случаи се соочуваме со потешкотии во обезбедување на наставен кадар поради недостиг на стручни кадри од поедини предмети поради намалена популарност на професијата. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. За професионален развој на наставниот кадар, на почеток на секоја учебна година секој наставник и стручен соработник согласно своите компетенции изработува личен план за професионален развој каде ги наведува областите за кои има потреба за обука. Согласно истите училиштето организира обуки за професионално надоградување на наставниците и стручните соработници. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето организира и ги вклучува наставниците и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Училиштето организира дисеминација на искуствата здобиени од обуките и има изработено правилник за пофалување и наградување на наставниците и стручните соработници согласно кои се пријавуваат кандидати и се избира најдобар наставник/стручен соработник за тековната учебна година.
- Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, како и програма за менторство.
- Наставата ја следи раководната и стручната служба најмалку два пати годишно или по потреба. По секое следење се прави разговор со наставникот и му се даваат повратни информации за подобрување на квалитетот на наставата.При следната посета на часовите се следи дали се применуваат препораките кои биле претходно дадени од извршените посети.
- Училиштето изработува Годишна програма во која се планирани целите кои треба да се постигнат со развојната програма. Училиштето има своја веб страна и социјални мрежи на кои се објавуваат важни информации за заинтересираните страни. За сите поважни информации се изготвуваат соопштенија кои се објавуваат на огласната табла и на веб страната на училиштето.
- Во развојната програма на училиштето се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој, како и начинот на следењето и евалуацијата на развојната програма со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето. При развојното планирање учествува училишен тим кој го сочинуваат директор, помошник директор,наставници, стручни

соработници и родител. Развојната програма на училиштето ја подготвува директорот, а ја усвојува Училишниот одбор. Сите чинители при изработка на развојната програма соработуваат меѓусебе во најдобар интерес на училиштето.Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

- Директорот на училиштето има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства и ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските средства се користат наменски за приоритетите и целите на училиштето како и за подобрување на квалитетот на наставниот процес, Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Финансискиот план е усвоен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силнистрани**

- Визијата и мисијата за развојот и напредокот на училиштето се конкретни и јасни, истакнати на видно место во училиштето и со нив се запознаени сите клучни чинители.
- Училишниот одбор како орган на управување ги извршува своите надлежности и работи согласно деловникот за работа и во целост ги следи постапките и процедурите опишани во истиот (број на членови, начин на свикување на состаноците, начин на водење на состаноците, начин на одлучување, водење записници и документација за работата на УО);
- Директорот како орган на раководење се придржува кон надлежностите пропишани во Статутот, Програмата за работа на директорот и ги извршува останатите работни задачи поврзани со училишниот живот;
- Вработените навремено се информирани за донесените одлуки во училиштето;
- Училиштето ги користи рационално материјалните ресурси кои се потребни за успешно реализирање на наставата.
- Училиштето има соодветен наставен кадар и изборот на наставен кадар и стручни соработници се врши согласно критериуми кои е потребно да ги исполнуваат кандидатите за вработување.
- Наставниците согласно своите планови за професионален развој посетуваат обуки, семинари, раотилници, дебати, конференции.
- Успешна е соработката со локалната самоуправа, бизнис секторот, родители, институции;
- Наменски е користењето на буџетските и материјалните средства за редовно одржување на инфраструктурата, набавка на наставни средста и помагала и материјали за работа.

| |
|---|
| **Слабистрани**<br><br>❖ И покрај тоа што училиштето навремено планира и обезбедува потрошен материјал кој е потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности. Поради ограничени финансиски средства не е секогаш во можност да ја обезбеди потребната количина. Ова, во одредени случаи, претставува пречка за целосно осовременување на наставните средства, како и за спреведување на активностите насочени кон модернизација и дигитализација на образовниот процес. |
| **Приоритети**<br><br>❖ **При изработката на финансовиот план најголем дел од средствата да се предвидат за нагледни средства и помагала за осовременување, дигитализација и модернизација на образовниот процес.** |

**Тим кој учествуваше во изработка на извештајот за самоевалуација на училиштето:**

1. м-р Магдалена Петреска-директор
2. м-р Тина Симиќ Ацкоска-помошник дириктор
3. Аделина Давидовска-стручен соработник психолог
4. Кристина Башовска-одделенски наставник
5. Маја Тенев-предметен наставник

Директор:

м-р Магдалена Петреска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ**
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Врз основа на член 108 од од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/2019), Училишниот одбор на седницата одржана на ден 10.07.2025 година, ја донесе следнава

Република Северна Македонија
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 02-304/5
10. 07. 2025 год.
Општина Аеродром-Скопје

**О Д Л У К А**
**За разгледување и усвојување на Самоевалуација на училиштето 2023/2025 година**

1. Училишниот одбор на ООУ,,Лазо Ангеловски,, на седницата одржана на ден 10.07.2025 година, ја разгледа и усвои Самоевалуацијата за работа на училиштето за период 2023/2025 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишен одбор

Јасмина Боримечковска